**СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА**

# Г О Д И Ш Е Н   И З В Е Ш Т А Ј

## За работата на Одборот за ревизија на Стопанска банка а.д. Битола за 2014 година

**март, 2015 година**

# Г О Д И Ш Е Н  И З В Е Ш Т А Ј

## За работата на Одборот за ревизија на Стопанска банка а.д. Битола за 2014 година

Согласно одредбите на Законот за банките, Статутот на Стопанска банка а.д. Битола и други прописи Одборот за ревизија како орган на банката е именуван на Собранието на акционери со мандат од две години.

Во извештајниот период 01.01.-31.12.2014 год. Одборот за ревизија ги извршуваше своите активности утврдени со законските акти, подзаконските прописи и интерните акти на Банката. Одборот за ревизија ги разгледа финансиските извештаи на банката и се грижеше за точноста и транспарентноста на објавените финансиски информации за работењето на банката во согласност со прописите и меѓународните сметководствени стандарди, го следеше и изврши оценка на системот за внатрешна контрола, ја следеше работата и ја оценуваше ефикасноста на Секторот за внатрешна ревизија, го следеше процесот на ревизија на банката и ја оценуваше работата на друштвото за ревизија, во континуитет го следеше усогласувањето на работењето на банката со прописите што се однесуваат на сметководствените стандарди и финансиските извештаи.

Одборот за ревизија во текот на 2014 година оствари континуирана соработка со Управниот одбор и Секторот за внатрешна ревизија. Одборот за ревизија редовно ги разгледуваше и извештаите од работењето на Одборот за управување со ризиците.

На седниците на Одборот редовно присуствуваа мнозинството на членовите на Одборот за ревизија, членовите на Управниот одбор и претставниците од Секторот за внатрешна ревизија. Од вкупно четири седници на Одборот за ревизија, Г-динот Ненад Јосифовиќ и Г-динот Панче Нафтенов присуствуваа на сите одржани седници, Г-динот Жарко Михајловски присуствуваше на три седници, Г-динот Дејан Панделески присуствуваше на две седници, Г-ѓата Весна Дудевска присуствуваше на две седници, а на 25.07.2014 година даде неотповиклива оставка од функцијата член на Одборот за ревизија.

Одборот за ревизија во текот на 2014 година одржа четири седници на кои беа разгледани и усвоени различни материјали од надлежност на Одборот.

На **првата седница** одржана на **19.02.2014 година,** Одборот за ревизија ги разгледа, дискутираше и ги донесе следниве материјали:

- Годишен извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија на Стопанска банка а.д. Битола за 2013 со прилог Преглед на наоди и препораки од

извршени ревизии на Службата на ватрешна ревизија за периодот јануари-декември 2013 година

- Извештај за спроведената ревизија на управувањето со каматен ризик
- Извештај за спроведената ревизија на управување со оперативен и ризик од користење на услуги од надворешни лица
- Извештај за спроведена ревизија на сигурноста на информативниот систем и ИТ
- Годишен извештај за работа на Одборот за ревизија на Стопанска банка а.д. Битола за 2013 година, со оцена на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно
- Квартален извештај за работењето на Одборот за ревизија за периодот 01.10.2013 -31.12.2013 година
- Сметководствена политика на Стопанска банка а.д Битола
- Квартален извештај за работењето на Одборот за управување со ризици за периодот 01.10.2013 -31.12.2013 година

На **втората седница** одржана на **23.05.2014** година, Одборот за ревизија ги разгледа, дискутираше и ги донесе следниве материјали:

- Годишен извештај за работењето на Стопанска банка а.д. Битола за 2013 година
- Извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Стопанска банка а.д. Битола по годишната сметка за 2013 година со мислење на ревизорската куќа Grant Thornton
- Годишен извештај за работењето на Одборот за управување со ризици на Стопанска банка а.д. Битола за периодот 01.01.2013 до 31.12.2013 година
- Извештај за работењето на Одборот за управување со ризици за периодот 01.01.2014 до 31.03.2014 година
- Извештај за работењето на Одборот за ревизија за периодот 01.01.2014 до 31.03.2014 година
- Извештај за спроведената ревизија на процесот на кредитирање на правни лица
- Извештај за спроведената ревизија во Службата за финансии, сметководство и екстерно известување со осврт на оперативните трошоци
- Извештај од спроведувањето на препораките на Службата за внатрешна ревизија за периодот јануари-март 2014 година

На **третата седница** одржана на **27.08.2014 година** Одборот за ревизија ги разгледа, дискутираше и ги донесе следниве материјали:

- Полугодишен извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија на Стопанска банка а.д. Битола за 2014 со прилог Преглед на наоди и препораки од извршени ревизии на Службата на внатрешна ревизија
- Неревидиран биланс на успех и биланс на состојба на Стопанска банка а.д. Битола со 30.06.2014 година
- Извештај за работењето на Одборот за управување со ризици за периодот 01.04.2014 до 30.06.2014 година
- Извештај за работењето на Одборот за ревизија за периодот 01.04.2014 до 30.06.2014 година
- Извештај за спроведената ревизија на готовинското работење
- Извештај за спроведената ревизија на проблематични кредити и преземени средства
- Оставка на Г-ѓа Весна Дудевска, независен член на Одборот за ревизија

На **четврта седница** одржана на **13.11.2014 година** Одборот за ревизија ги разгледа, дискутираше и ги донесе следниве материјали:

- Извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија на Стопанска банка а.д. Битола за периодот 01.07.2014 до 30.09.2014 година со прилог Преглед на наоди и препораки од извршени ревизии на Службата на внатрешна ревизија
- Неревидиран биланс на успех и биланс на состојба на Стопанска банка а.д. Битола со 30.09.2014 година
- Извештај за работењето на Одборот за управување со ризици за периодот 01.07.2014 до 30.09.2014 година
- Извештај за работењето на Одборот за ревизија за периодот 01.07.2014 до 30.09.2014 година
- Извештај за вонредна ревизија на Центро табак по ОДУ 316/2010
- Извештај за вонредна ревизија по судските предмети за Јулијана и Љубе Простиженовски
- Извештај за ревизија на адекватноста на капиталот
- Извештај за ревизија на ликвидносен ризик
- Извештај за ревизија на управувањето со сметки.

## Извештај за работата на Одборот за ревизија од аспект на поединечните членови

1. Жарко Михајловски - претседател на Одборот за ревизија

Г-динот Жарко Михајловски, како Претседател на Одборот за ревизија, во текот на 2014 година активно учествуваше и ги координираше активностите во доменот на организација и работа на Одборот, во согласност со Деловникот за работа. Претседателот на Одборот за ревизија го утврдуваше предлогот за дневен ред на седниците, раководеше со седниците и активно учествуваше во работата на Одборот согласно законски дефинирани надлежности во член 91 став 9 од Законот за банките, подзаконските прописи и интерните акти на банката. Со своите конструктивни забелешки, коментари и насоки придонесе за континуирано подобрување на квалитетот и ефикасноста на Секторот за внатрешна ревизија.

2. Ненад Јосифовиќ – член на Одборот за ревизија

Г-динот Ненад Јосифовиќ, како член на Одборот за ревизија избран од членовите на Надзорниот одбор на банката, со својот ангажман, професионалност и посветеност придонесе значително во подобрувањето процесите и активностите на банката, како и нејзиното целокупното работење. Активно учествуваше на седниците на Одборот за ревизија, при што со своите конструктивни дискусии, барања, проследувања и забелешки придонесе за квалитетно и ефикасно функционирање и исполнување на задачите на Одборот.

3. Панче Нефтенов – член на Одборот за ревизија

Г-дин Панче Нефтенов, како член на Одборот за ревизија избран од редот на членовите на Надзорниот одбор придонесе значително во успешното работење на Одборот за ревизија во текот на 2014 година. Доброто познавање на работењето на банката, законските прописи од оваа област и пошироко, ризиците на кои е изложена Банката и системот на внатрешна контрола, како и активното учество, дискусиите и предлозите, придонесоа во успешното функционирање на Одборот за ревизија, согласно неговата улога регулирана во законските прописи.

4. Дејан Панделески - член на Одборот за ревизија

М-р Дејан Панделески е член на Одборот за ревизија избран од редот на членовите на Надзорниот одбор. Со својата компетентност во областа на работењето на банката и нејзините производи и услуги, а воедно и длабоко познавањето на бизнис праксата и економските движења, придонесе значително во ефикасно и успешно спроведување на работата на Одборот за ревизија. Учествуваше активно во дискусиите по утврдените наоди и други прашања во доменот на Одборот, со што придонесе во подобрувањето на целокупното работење на банката.

5. Г-ѓа Весна Дудевска – член на Одборот за ревизија

Г-ѓа Весна Дудевска, како независен член на Одборот за ревизија со своето познавање од областа на ревизијата, редовното следење на законските прописи и случувањата во банкарскиот сектор, даде значителен придонес за успешно работење и исполнување на законските обврски на Одборот. Г-ѓа Дудевска, даде неотповикливка оставка од функцијата член на Одборот за ревизија на 25.07.2014 година.

Во 2014 година членовите на Одборот за ревизија успешно ги исполнија своите обврски кои произлегуваат од Законот за банки, подзаконската регулатива, Статутот и други интерни акти на Банката. Имено, тие со своите сугестии и предлози дадоа значаен придонес во доследно спроведување на планираните активности на Банката. Одборот за ревизија, во соработка со надлежните органи и организациони единици на Банката придонесе Банката да има соодветен процес на ревизија, да работи во согласност со прописите за сметководствените стандарди и финансиските извештаи, како и да објавува точни и објективни финансиски информации, во согласност со прописите за сметководство и со меѓународните сметководствени стандарди.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА ОДБОРОТ ЗА РЕВИЗИЈА НА**
**БАНКАТА**

**Г-дин Жарко Михајловски**